Врз основа на член 37-и од Законот за јавни претпријатија,(Службен Весник на РМ бр.38/96,...89/22), член 20-г од Законот за вработени во јавниот сектор (Службен Весник на РМ бр.27/14,...159/22,225/24,242/24....144/25), член 22 и 23 од Законот за работни односи (Службен Весник бр. 62/05, 111/23 ...124/25) и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола, ВД Директорот на

КЈП Нискоградба Битола, објавува

Ј А В Е Н О Г Л А С бр. 01/2026

За вработување на даватели на јавни услуги на неопределено време за следното работно место :

1. Работно место **Управувач на градежни машини** шифра на работно место КДР 03 05 Б03 019 - 2 (два) извршители

Општи услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија,
-активно да го користи македонскиот јазик
-да е полнолетен
-да има општа здравствена способност за работното место
-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови:
-да има завршено најмалку 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
-најмалку една година работно искуство во струката
- да поседува возачка Б категорија и кфалификација за управување со градежни машини

Работната недела трае 5 работни дена, од понеделник до петок, полното работно време изнесува 40 часа неделно, работното време започнува во 7,00 часот и трае до 15,00 часот, паричниот износ на основната плата за работното место е 33.057,00 нето денари, плус додаток на минат труд по 0,5 % за секоа година работен стаж.

Предвидени вработувања според Годишниот план на институцијата за 2026 година се 2(два) извршители.

Постапката за селекција за вработување на даватели на јавни услуги во ЈП се состои од проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во јавниот оглас, проверка на приложените докази во пријавата и интервју.

Огласот трае 15(петнаесет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот во дневниот печат во три дневни весници од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службенјазик, различен од македонскиот.

Кандидатите треба да ги достават следните документи за исполнување на потребните услови за работното место во оригинал или копија заверена на нотар:

-Уверение за државјанство

-Извод од матична книга на родени,

-Доказ дека со правосилна пресуда не му е изречена казна забрана за вршење на професија,дејност или должност,

-Лекарско уверение за општа здравствена состојба (издадена од Медицина на труд),

-диплома за завршено соодветно образование,

-Потврда за работно искуство,

-Пополнета пријава објавена на веб страната на КЈП Нискоградба Битола.

Пријавите ќе бидат достапни на веб-страната на КЈП Нискоградба Битола https//www.niskogradbabt.mk, а ќе можат да се подигнат и од архивата на КЈП Нискоградба Битола секој работен ден од 7,00-15,00 часот.

Кон пријавата кандидатите задолжително ги приложуваат потребните докази за податоците внесени во истата.

Кандидатите се должни под морална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни а доставените докази верни на оригиналот.

Пријавите со потребната документација кандидатите се должни да ги достават во КЈП Нискоградба Битола, на ул. Булевар 1-ви Мај бб. 7000 Битола, лично или преку пошта.

КЈП Нискоградба Битола
ВД Директор
Зоран Талевски